ДРУШТВО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN FILM PROFESSIONAL ASSOCIATION

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 26.05.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2119/2 | | |

**До:**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

26.05.2026, Скопје

**ПРЕДЛОГ**

Почитувани,

Во име на Друштвото за филмски работници на Македонија, организатор на Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“, ви се обраќам во врска со Нацрт-одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија (врска 03-2119/1 од 13.05.2026).

Друштвото на филмските работници на Република Македонија е здружение на граѓани, основано на 21ви мај 1950 година, формирано со слободно здружување на филмски работници од Македонија. Друштвото е иницијатор, основач и организатор на Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“. Фестивалот започнат 1979 година, е првиот и најстар светски филмски фестивал посветен на креативноста на светските кинематографери.

Поради своето големо значење на нашиот фестивал за населението на Република Северна Македонија, до вас доставуваме предлог за вкучување на отворањето и затворањето на ИФФК „Браќа Манаки“ како дел од настаните кои ќе продолжат да имаат телевизиско емитување, а кој традиционално се емитува на МРТВ повеќе од 30 години, започнувајќи од 1995 година.

ИФФК „Браќа Манаки“ оваа година ќе се одржи по 47-ми пат во Битола од 19 до 25 септември, што го прави дел од културниот идентитет на нашата земја, а фактот што фестивалот е под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија говори за неговата општо признаена, дистинктивна културна важност за населението во Република Северна Македонија и пошироко.

Искрено се надеваме дека овој наш предлог ќе го земете во предвид и со тое ќе овозможите широката јавност во Република Северна Македонија да ги проследи

отворањето (доделување на голема ѕвезда на македонскиот филм, награда за животно дело на кинематографер од светската кинаматографија - Златна Камера 300, награда за особен придонес кон светската кинематографија - Специјална Камера 300, обраќање на претседателот на РСМ, обраќање на градоначалникот на Битола и други претставници на извршната и локалната власт) и затворањето (доделување на наградите на фестивалот, обраќање на високи преставници на извршната и локалната власт) на нашиот фестивал.

Со почит,
Марија Димитрова
Претседател на ДФРМ

М Димитрова

Друштво на филмските работници на Република Македонија
Скопје
2